РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/19), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансиска поддршка за женско претприемништво

**1. Предмет на јавниот повик** е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 120.000,00 денари по апликант направени за следните намени:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор;
- Воведување на софтверски решенија (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари).

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година дел II, A. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија и занаетчиство, МЕРКА 1. Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП, подмерка 1.4. Финансиска поддршка за женско претприемништво предвидени се средства во вкупен износ од 1.500.000 денари.

Субвенционирани ќе бидат докажаните трошоци за предвидените намени настанати во 2019 и 2020 година.

Средствата од субвенциите не се наменети за субвенционирање на следните трошоци:

- Набавка на потрошен материјал, возила, компјутери и компјутерска опрема;
- Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара субвенција;
- Царина за намените/трошоците за кои се бара субвенција;
- Курсни разлики;
- Закупнина за деловен простор;
- Трошоци чие плаќање е направено со компензација.

Претпријатието кое ќе биде субвенционирано по основ на оваа подмерка за набавка на опрема, има обврска истата да не ја отуѓува најмалку 2 (две) години од денот на добивање на субвенцијата.
Министерството за економија го задржува правото да изврши контрола кај субвенционираното претпријатие во перид од 2 (две) години од денот на добивање на субвенцијата.
Доколку се утврди дека претпријатијето фактички ја нема набавената опрема за чија набавка било субвенционирано, Министерството за економија ќе поведе постапка за враќање на средствата.

**2. Право на учество имаат:**
Приватни претпријатија со мнозински домашен капитал ( над 50%) регистрирани согласно Законот за трговски друштва, во сопственост на жени над 50% и управувани од жени, кои ги исполнуваат следните услови:

- Не биле субвенционирани преку Министерството за економија по јавните повици објавени во 2019 и 2020 година и тоа:
    - Јавен повик за субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од жени
    - Јавен повик за субвенционирање на занаетчии;

- Јавен повик за субвенционирање за микро, мали и средни претпријатија;
- Јавен повик за кофинансирање на претпријатија за купување на опрема, инструменти и алат кои ќе се користат за обука, настава на лица за стекнување вештини и квалификации.

- Работење во траење од најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик *(упис во трговскиот регистар)*;
- Да има деловно седиште на територијата на Република Северна Македонија;
- Има минимум 2 (двајца) вработени на неопределено полно работно време (сопственичката на претпријатието и еден вработен);
- Спаѓа во категоријата на микро, мали или средни претпријатија;
- Има намирени обврски кон државата и вработените;
- Има статус на активно претпријатие над кое не е покрената стечајна постапка или ликвидација;
- Врши претежна дејност (наведена во тековната состојба) која спаѓа во следните сектори согласно Националната Класификација на Дејностите-Рев.2:
    - C/В -Преработувачка индустрија ( 10-33.20 )
    - F/Ѓ– Градежништво ( 41-43.99 )
    - 56.21- Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг)
    - 81.2- Дејности на чистење,
    - 82.19 – Фотокопирање, подготовка на документи и останати специјализирани помошни дејности,
    - 82.92 – Дејности на пакување
    - 93 – Спортски, забавни и рекреативни дејности
    - 96 – Други лични услужни дејности.

**Напомена:** Претежната дејност на подружница во рамки на претпријатието-апликант нема да се зема во предвид.

3. Потребни документи за пријавување:

- Пополнет Образец **„Барање – ЖП 2020“** *(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk)*;
- Пополнет Образец **„Изјава – Државна помош 2020“,** заверена на нотар *(Изјавата од барателот за доделена државна помош, може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk )*;
- Пополнет образец **„Изјава - 2020“** заверена на нотар *( може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk)*;
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 2 (два) месеци;
- Листа на моментално вработени лица во претпријатието издадена од Агенцијата за вработување не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Договор помеѓу барателот и давателот на услугата (претпријатие) склучен во текот на 2019 или 2020 година (доколку се аплицира за субвенционирање на трошоци за воведување на софтверски решенија);
- Фактура/и за направените трошоци за предвидените намени со Извод од банка депонент или свифт од кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските за направените трошоци по приложените фактури.

**Горенаведената документација се доставува во оригинал или копија.**

**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**
**Доколку фактурите/договорите се на странски јазик, потребно е за истите да се достави и превод на македонски јазик од овластен судски преведувач.**

**Еден апликант може да користи субвенција само еднаш по овој Јавен повик.**

Покрај горенаведените документи, апликантот треба да достави и уплатници за платени административни такси согласно Законот за административни такси и тоа:

- Уплатница на износ од 250,00 денари

Цел на дознака: Уплата на административна такса,
Назив и седиште на примач: Приходи на органи на управа,
Банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија,
Трезорска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка: 840 _____ (во зависност од општината) 06116,
Приходна шифра и програма: 725930 00

- Уплатница на износ од 50,00 денари

Цел на дознака: Уплата на административна такса,
Назив и седиште на примач: Трезорска сметка,
Банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија,
Трезорска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка: 840 _____ (во зависност од општината) 03161,
Приходна шифра и програма: 722313 00.

**4. Начин и рок на доставување и разгледување на барањата**

Барањата заедно со потребната документација се доставуваат во затворен плик до Архивата на Министерство за економија, ул. "Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје, секој работен ден од 9:00 -15:00 часот.

На пликот треба да стои :

**До Министерство за економија**
**За Јавен повик за финансиска поддршка за женско претприемништво**, со назнака **„ НЕ ОТВАРАЈ ".**

При поднесување на апликацијата секој апликант има право да побара потврда од Архивата за редниот број, датумот и часот на поднесување на апликацијата.
Доколку барањето се доставува преку пошта како датум на поднесување на барањето ќе се смета датумот кога барањето е пристигнато и заведено во Архивата на министерството за економија.

Разгледувањето и изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик, ќе се прави по принципот "ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ УСЛУЖЕН" односно по редослед на поднесување и пристигнување на апликациите во архивата на Министерството за економија.

Доколку средствата се исцрпат додека сеуште трае јавниот повик, Министерството за економија ќе објави Известување за исцрпување на расположивите средства на својата веб страна www.economy.gov.mk и на www.konkurentnost.mk.

Барањата за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.

Во случај да поднесеното Барање за субвенционирање е некомплетно, односно недостасува некој од потребните документи наведени во Јавниот повик, Комисијата писмено ќе побара од апликантот да го дополни Барањето со документите кои недостасуваат, во определен рок.
Со цел запазување на принципот "прв дојден, прв услужен", за Барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на Барањето ќе се смета датумот и часот на последното дополнување на Барањето преку архивата на Министерството за економија, односно датумот кога Барањето за субвенционирање ќе биде целосно комплетирано.

Комисијата го задржува правото пред одлучување за доделување на средства да изврши увид кај претпријатието кое аплицира со цел да утврди дали докажаните трошоци за набавка на опрема и алати соодвествуваат со фактичката состојба.

Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министеството за економија www.economy.gov.mk и на порталот www.konkurentnost.mk.

**Крајниот рок за аплицирање по овој Јавен повик е до 31.05.2020 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по исцрпување на расположивите средства и по завршувањето на рокот за аплицирање нема да бидат разгледувани.